# Моме оди на вода




Моме оде на вода, (2 п.)
Моме оде на вода,
И по него беќари,
Оф аман, аман,

Постој моме, почекај (2 п.)
Да се фанам за стомни,
Да ти одменам раците
Оф аман, аман.

Лел' се мома излага (2 п.)
Го почека беќарот,
Да ѝ фане за стомни,
Оф аман, аман.

Не ја фана за стомни,
Тук ја фана за раци,
Ѝ го скрши прстенот,
Сос дванајсет камчиња,
Оф аман, аман.

Викна моме да плаче, (2 п.)
Леле боже до бога,
Как' ќе одам до дома,
Оф аман, аман.

Как' ќе кажам на мама,
Мама ќе ме утепа,
Тате ќе ме заколе,
Баце ќе ме омаже,
Оф аман, аман.

Пеел Тодор Нашов од Кавадарци—Тиквешко, 1937 година.

Хаџиманов, Васил. Македонски народни песни. Моми тиквешанки. Скопје: Македонска книга, 1968.